Врз основа на член 9 став (1) од Деловникот за работа на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.4/25), на седница одржана на 13.1.2025 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација донесе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr 01 - 78/1
14. 01 2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ПРАВИЛНИК ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ПОДАРОЦИ, ПОГОДНОСТИ И ГОСТОПРИМСТВА ВО КОМИСИЈАТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

## ЦЕЛ
### Член 1

Со овој Правилник се воспоставуваат правила за примање, размена и давање на подароци, погодности и гостопримства во рамки на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата).

Целта на Правилникот е да воспостави единствени стандарди за постапување со подароци, погодности и гостопримства и да го истакне значењето на одговорно постапување на членовите, вработените, волонтерите, практикантите и ангажираните надворешни соработници во Комисијата во вакви ситуации, бидејќи истите можат да доведат до нарушување на непристрасноста и објективноста во одлучувањето, обид за влијание или пак да бидат поврзани со коруптивно постапување што би го компромитирало нивниот и интегритетот на институцијата.

## ОПФАТ
### Член 2

Правилникот се однесува на членовите на Комисијата и вработените во службата на Комисијата, како и на волонтери, практиканти, ангажирани надворешни соработници и деловни партнери на Комисијата.

Насоките разработени во Правилникот се применуваат во редовното остварување на надлежностите на Комисијата, во односот со меѓународни и регионални организации, сродни тела, деловни партнери, јавни или приватни правни и физички лица, носители на јавни функции, како и во односот со тековни или потенцијални странки на Комисијата.

## ПОИМНИК
## Член 3

**Подарок** е материјално или нематеријално добро со одредена вредност што се нуди или прима од службеното лице во рамки на должностите што ги врши.

Подарокот може да се манифестира во материјална и нематеријална форма, односно да има видлива и невидлива вредност и во таа смисла подароци можат да бидат: сувенири, уметнички дела, недвижен имот, движен имот, ваучери, попусти, стоки и услуги, криптовалути, отстапување на право, отпис од долг, преземање на долг без надомест и др.[1]

Во смисла на оваа дефиниција како подарок не се смета доброто што службеникот го прима од роднини, пријатели и членови на семејството, во приватно својство. Секој друг подарок поврзан со професионалните должности, достигнувања и признанија за работата, потребно е да се пријави согласно одредбите од овој Правилник.

**Погодности** се најчесто нематеријални „заслуги“ дадени или примени во рамки на службената должност.

Како погодности се сметаат: лични услуги, привилегии, предности, повластен третман, понуди за работа на службеното или нему блиско лице, покани за настани кои носат придобивка за службеното лице и др.[2]

**Под гостопримства** се подразбира нудење и прифаќање на покани, учества, сместувања на настани, патувања, ручеци, кои не се поврзани со позицијата, областа на работата на службеното лице или се поврзани, а не се спроведени согласно Процедурата за службени патувања.

**Под ризици поврзани со подароци, погодности и гостопримства** се подразбира секое прифаќање и давање на подароци, погодности и гостопримства во рамки на службената должност, кое може да го компромитира интегритетот и угледот на службеното лице и институцијата и да доведе до создавање на реален, потенцијален или привиден судир на интереси.

**Нулта толеранција** – Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во својата работа се раководи од генералната забрана за примање на подароци, погодности и гостопримства, а овој Правилник ги уредува исклучоците и начинот на постапување со цел да превенира незаконито постапување.

[1] илустративно, а не таксативно
[2] илустративно, а не таксативно

**Ниво на транспарентност** е фактор кој влијае на тоа дали конкретниот подарок, погодноста или гостопримството воопшто можат да бидат прифатени. Тоа значи дека службеното лице во секој случај има должност да ги пријави согласно овој Правилник, а непријавувањето веднаш го става службеното лице во компромитирачка состојба.

НАЧЕЛА
Член 4

**Интегритет** – Вработените, членовите, волонтерите, практикантите, ангажираните надворешни соработници се однесуваат со највисоки стандарди на чесност и транспарентност, како при давање, така и при примање на подароци, погодности и гостопримства.

**Непристрасност** – Подароците, погодностите и гостопримствата не смеат да влијаат или да изледа дека влијаат врз одлуките на членовите на Комисијата, активностите или тековното работење на вработените и членовите.

**Пропорционалност** – Вредноста на секој подарок, погодност и гостопримство треба да биде разумна и во согласност со природата на односот и контекстот на размената.

**Законитост** – Сите активности поврзани со подароци, погодности и гостопримства мора да бидат во согласност со релевантните закони на Република Северна Македонија.

НУЛТА ТОЛЕРАНЦИЈА И ИСКЛУЧОЦИ ЗА ПОДАРОЦИ
Член 5

Членовите на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно прописите на РСМ смеат да задржат во сопственост примен пригоден подарок од претставници на странска држава, орган, институција или меѓународна организација во знак на соработка, благодарност или оддавање почит доколку вредноста на истиот не е повеќе од 50 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на РСМ на денот на примање на подарокот.

Членовите на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно прописите на РСМ смеат да задржат во сопственост примен пригоден подарок од домашни физички и правни лица во знак на соработка, благодарност или оддавање почит доколку вредноста на истиот не е повеќе од 20 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на РСМ на денот на примање на подарокот.

Подарокот чија вредност ја надминува вредноста од ставовите 1 и 2 на овој член, може да биде задржан во сопственост како личен подарок, доколку членот на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја доплати разликата до вредноста на подарокот утврдена од овластен проценител.

Членовите на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација кои ќе примат подарок кој е во износ повисок од наведниот во претходните ставови, го предаваат на лицето за интегритет и таквиот подарок станува државна сопственост.

Членовите на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација како подарок може да дадат производи од домашно производство, во износ до 100 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на РСМ на денот на набавката на подарокот.

Членовите на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не смеат да даваат како подарок предмети што имаат културно, историско и археолошко значење и вредност за државата и кои се заштитени со закон.

Вработените, волонтерите, практикантите и ангажираните надворешни соработници во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација смеат да задржат во сопственост повремени подароци од пониска вредност, односно подароци кои не ја надминуваат вредноста од 1 000 денари или подароци добиени од иста личност или институција чијашто вкупна вредност не надминува 3 000 денари во една година.

Вработените, волонтерите, практикантите и ангажираните надворешни соработници во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација смеат да задржат во сопственост протоколарни подароци примени од страна на службени лица или од меѓународни организации, дадени за време на посети, гостувања или во други слични околности, доколку не го надминуваат износот утврден со ставот 7 од овој член.

Вработените, волонтерите, практикантите и ангажираните надворешни соработници во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација кои ќе примат подарок кој е во износ повисок од наведниот во претходниот став, го предаваат на лицето за интегритет во Комисијата и таквиот подарок станува сопственост на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

НУЛТА ТОЛЕРАНЦИЈА ЗА ПОГОДНОСТИ
Член 6

Членовите, вработените, волонтерите, практикантите и ангажираните надворешни соработници во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ќе одбијат секогаш кога им е понудена било каква нематеријална корист, како лични услуги,

привилегии, предности, повластен третман, понуди за работа на службеното или нему блиску лице, покани за настани кои носат придобивка за службеното лице и др.

Членовите, вработените, волонтерите, практикантите и ангажираните надворешни соработници во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не нудат нематеријална корист како лични услуги, привилегии, предности, повластен третман, понуди за работа и др.

НУЛТА ТОЛЕРАНЦИЈА И ИСКЛУЧОЦИ ЗА ГОСТОПРИМСТВА
Член 7

Членовите, вработените, волонтерите, практикантите и ангажираните надворешни соработници во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не нудат и не прифаќаат покани, учества, сместувања, патувања, ручеци, кои не се:

- поврзани со надлежностите на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација;
- поврзани со делокругот на работа на членот или вработениот и
- согласно планот и процедурата за службени патувања на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

ПРОЦЕДУРА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ
Член 8

Членовите на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го пријавуваат секој примен подарок во рок од 8 дена од приемот на подарокот или доколку подарокот е примен на службено патување, првиот ден по враќањето на работното место.

Вработените, волонтерите, практикантите и ангажираните надворешни соработници во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го пријавуваат секој примен подарок во рок од 2 дена од приемот на подарокот или доколку подарокот е примен на службено патување, првиот ден по враќањето на работното место.

Пријавувањето се врши со пополнување на пријавата, која е составен дел од овој Правилник и истата се доставува до лицето за интегритет на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во електронска или хартиена форма.

## ПРОЦЕДУРА ЗА ПОСТАПУВАЊЕ
Член 9

Лицето за интегритет на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација води Регистар на подароци, односно евиденција за примените подароци.

Лицето за интегритет на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација доставува копија од Регистарот за подароци до Државната комисија за спречување на корупција, најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година.

Вредноста на подароците се утврдува врз основа на пазарната цена на подарок од таков вид.

Кога ќе се увиди дека примениот подарок е над износите предвидени во член 6 од овој Правилник, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ангажира овластен проценител.

Подароците кои ги примиле членовите, вработените, волонтерите, практикантите и ангажираните надворешни соработници на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, а кои не може да се сметаат за лични подароци, Комисијата може да ги користи во извршување на работите од нејзината надлежност.

Подароците од претходниот став кои не може да се користат, Комисијата ги складира и чува во однапред определена просторија, во која имаат пристап само генералниот секретар и лицето за интегритет, кои воедно се грижат за нивното одржување.

Доколку во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација се складирани подароци кои не можат да се користат во остварување на нејзините надлежности, Комисијата може да ги отуѓи согласно закон.

## ПРИМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ
Член 10

Членовите, вработените, практикантите, волонтерите и надворешните соработници на Комисијата се должни доследно да го применуваат овој Правилник.

Освен регуларното следење од страна на лицето за интегритет, секој член, вработен, волонтер, практикант и ангажиран надворешен соработник во Комисијата доколку забележи непочитување на одредбите од овој Правилник должен е истото да го пријави до овластеното лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување.

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од неговото усвојување од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Лицето одговорно за спроведување и следење на системот на интегритет ги запознава членовите, вработените, практикантите, волонтерите и надворешните соработници со содржината на овој Правилник, како и секој нововработен, избран и ангажиран.

Претседател на Комисија за спречување
и заштита од дискриминација
Лимко Бејзароски

Прилози:
-Прилог 1. Образец за пријавување на подарок за членови на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација
- Прилог 2. Образец за пријавување на подарок за вработени во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација

## АНЕКС I: Образец за пријавување на подарок за избрани и именувани лица

<table>
<tr><th colspan="4">ОБРАЗЕЦ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ПОДАРОК ЗА ИЗБРАНИ И ИМЕНУВАНИ ЛИЦА</th></tr>
<tr><td colspan="4">Пополнува примателот на подарокот</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Име и презиме</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Функција</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>3.</td><td>Назив на органот во кој ја врши функцијата</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>4.</td><td>Име и презиме и адреса на дарителот (назив и седиште на правното лице или орган, доколку подарокот е даден во име на правно лице или орган)</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>5.</td><td>Дата на прием на подарокот</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>6.</td><td>Повод за давање на подарокот</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>7.</td><td>Опис на подарокот</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>8.</td><td>Во чија сопственост ќе биде подарокот</td><td>Приватна -личен подарок</td><td>Државна</td></tr>
<tr><td>9.</td><td>Датум на предавање на подарокот на органот (доколку примателот на подарокот одлучи дека подарокот ќе стане државна сопственост)</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>10.</td><td>Вредност на подарокот (проценето врз основа на пазарната цена на подарокот)</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="4">Примателот на подарокот е одговорен за точноста на податоците</td></tr>
<tr><td colspan="2">Место:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="2">Датум:</td><td colspan="2"></td></tr>
</table>

Потпис на примателот на подарокот МП Потпис на одговорното лице

_______________________ _______________________


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

**АНЕКС 2: Образец за пријавување на подарок за вработените во јавниот сектор**

| ОБРАЗЕЦ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ПОДАРОК ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР | | |
|---|---|---|
| 1. | Назив на институцијата | |
| 2. | Име и презиме вработениот | |
| 3. | Работно место на кое е распореден вработениот | |
| 4. | Примател на подарокот: вработениот/брачен другар на вработениот/лице во вонбрачна заедница со вработениот/деца/родители и лица кои живеат во исто домаќинство (да се заокружи кој е примател на подарокот и да се наведе име и презиме на блиското лице кое е примател на подарокот)[6] | |
| 4. | Име и презиме и адреса на дарителот на подарокот *(назив и седиште на правното лице или орган, доколку подарокот е даден во име на правно лице или орган)* | |
| 5. | Дата на прием на подарокот | |
| 6. | Повод за примањена подарокот | |
| 7. | Вид/опис на подарокот | |
| 8. | Датум на предавање на подарокот на институцијата (доколку вредноста на подарокот ја надминува дозволената вредност за вработените во јавниот сектор) | |
| 9. | Вредност на подарокот | |

[6] Член 39 став (2) и став (4) од Закон за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и 14/20)

| | | |
|---|---|---|
| | (проценето врз основа на пазарната цена на подарокот) | |
| Примателот на подарокот е одговорен за точноста на податоците | | |
| Место: | | |
| Датум: | | |

Потпис на примателот на подарокот

МП

Потпис на одговорното лице

_______________________ _______________________

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk